ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
# СМЕТКА ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

01 2020 03 04

Скопје, јули 2021 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 23 |
| Финансиски извештаи за 2019 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 24 |
| Биланс на состојба | 25 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 26 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 27 - 34 |
| - Сметководствени политики | 34 - 36 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 36 - 41 |

Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај

Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

РСМ - Република Северна Македонија
ДИК - Државна изборна комисија
ДКП - Дипломатско конзуларни претставништва
КК - Конзуларни канцеларии
ОИК - Општинска изборна комисија
ИО - Избирачки одбор
ЗЈН - Закон за јавните набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:
Дата:

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државната изборна комисија на сметката на основен буџет за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2019 година за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи, како и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразивме неповолно мислење.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ДИК на сметката за основен буџет за 2016 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Ревизија на спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државната изборна комисија за 2016 година е извршена во месец февруари 2019 година, при што е констатирано дека од вкупно дадени 30 (триесет) препораки, 3 (три) препораки се спроведени, за 8 (осум) препораки спроведувањето е во тек, 6 (шест) препораки не се спроведени, 12 (дванаесет) препораки делумно се спроведени и спроведувањето на 1 (една) препорака не е применливо.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност, го констатиравме следното:

- не е донесен акт со кој ќе се утврдат минимални стандарди за материјално технички средства и опрема, просторно сместување и човечки ресурси заради безбедно, непречено и економично извршување на надлежностите поврзани со чување на изборниот материјал;

- недоследности во начинот на користење на магацинските простори кои ги користи ДИК за чување на изборниот материјал;
- несоодветно постапување при извршување на активностите на пописот на средствата и побарувањата и донесување на актите за прифаќање на истиот;
- отсуство на целосна, уредна и веродостојна поткрепувачка документација за исплата на надоместоците за лицата ангажирани во изборниот процес;
- податоците за исплатените надоместоците во ОИК, внесени од страна на ОИК, не се зачувани во веб апликацијата (електронски или во хартиена форма);
- при начинот на пресметка на надоместокот за лицата ангажирани во помошните тела и изборната администрација утврдивме дека пресметката на надоместокот за работни компетенции и работна успешност како дел од вкупниот надоместок е извршено врз основа на критериуми кои не се квалитативно определени и мерливи и
- недоследности при постапувањето во начинот на спроведување на постапките при доделувањето на договорите за јавни набавки.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел надминување на состојбите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет обелоденивме состојби кои се однесуваат на поведени постапки пред надлежен орган кои до денот на известување од извршената ревизија се уште не се завршени, како и за начинот и условите за спроведување на гласањето на граѓаните на РСМ кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство.

Во делот на Останати прашања ја истакнавме потребата од усогласување на законите кои го уредуваат оданочувањето на изборните активности.

Од страна на потпретседателот на Државната изборна комисија доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека најголем дел од забелешките претставуваат известување односно образложенија за причините за констатираните состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата, дел не се прифаќаат, додека една забелешка се прифаќа, поради техничка грешка.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 24 до 26 заедно со ревизија на усогласеност на Државната изборна комисија на сметката на основен буџет кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Државната изборна комисија за 2016 година и е изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Државната изборна комисија застапувано од:

- Оливер Деркоски, претседател на ДИК од 25.07.2018 година до 12.01.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.02.2021 до 07.05.2021 година кај Државната изборна комисија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државната изборна комисија за 2016 година, е извршена во месец февруари 2019 година, при што е констатирано дека од вкупно дадени 30 (триесет) препораки, 3 (три) препораки се спроведени, за 8 (осум) препораки спроведувањето е во тек, 6 (шест) препораки не се спроведени, 12 (дванаесет) препораки делумно се спроведени и спроведувањето на 1 (една) препорака не е применливо.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот предмет на ревизија на ден 11.05.2021 година.
Од страна на потпретседателот на Државната изборна комисија доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-70/7 од 23.06.2021 година. Забелешките се разгледани и оценето е дека од тринаесет забелешки, седум забелешки претставуваат известување со образложенија за утврдените состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата, пет забелешки не се прифаќаат, додека една забелешка се прифаќа, поради техничка грешка. Забелешките и Одговорот на забелешките се дадени во прилог на овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. ДИК има обврска да го чува, прима и предава изборниот материјал во секој изборен процес согласно член 31 точка 14 од Изборниот законик. ДИК не поседува и не располага со сопствен магацински простор за трајно сместување и чување на **изборниот материјал** , за што ги констатиравме следните состојби:

- **недоверлив изборен материјал** - од 2016 година заклучно со месец мај 2019 година, за чување на изборниот недоверлив материјал ДИК го користи магацинскиот простор во касарната „Илинден“ во Скопје, без надоместок.
  Од страна на одговорните лица на ДИК констатирано е дека постојниот магацински простор не е доволен, соодветен и адекватен за понатамошно чување на материјалите и не обезбедува сигурност и заштита на складираниот материјал и во периодот од август 2018 година до февруари 2019 година имаат доставено Барања[1] и ургенции до Владата на РСМ, СОЗР и МИОА, кои согласно член 25 од Изборниот законик се должни да обезбедат технички, просторни и други услови за работа, по кои не е добиен одговор од надлежните органи. Поради наведеното, ДИК има доставено понуди за земање на објект под закуп до две правни лица кои ги исполнуваат бараните технички услови за сместување и чување на ваков тип на гласачки материјал, за што склучен е Договор за закуп на недвижен имот - магацин, со утврдена закупнина.
  Констатиравме дека не е изготвен записник за извршено примо - предавање на недоверливиот изборен материјал од еден во друг магацин, како и дека не е извршен попис на истите (образложено во точка 4.2.1. од Извештајот);
- **доверлив изборен материјал** - за реализација на активностите за спроведување на изборите за Претседател на РСМ и предвремени избори за градоначалници на општините Охрид, Ново село и Дебар 2019 година, ДИК имала потреба од сместување на доверливиот изборен материјал, поради што од страна на претседателот на ДИК е испратено Барање[2] до Владата на РСМ за обезбедување на соодветен магацински простор. Од причина што не е добиен одговор од надлежните институции, а поради итноста за решавање на состојбата, од страна на претседателот на ДИК е пратено Барање[3] до Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката, со цел обезбедување на магацински простор во Националната арена Тоше Проески во Скопје. По добиената согласност, доверливиот гласачки материјал од гласачките места по спроведување на гласањето е одложен во доделениот простор во Националната арена.

[1] Барање за обезбедување на магацински простор за потребите на ДИК: број 12-1537/1 од 13.08.2018 година, број 12-2104/1 од 28.09.2018 година; број 12-2104/1 од 28.09.2018 година; број 12-2104/1 од 28.09.2018 година и број 12-2104/1 од 28.09.2018 година

[2] број 03-261/1 од 04.02.2019 година

[3] Барање за обезбедување на магацински простор за потребите на Државната изборна комисија број 03-1268/1 од 16.04.2019 година

Констатиравме дека не се уредени односите помеѓу ДИК и Националната арена за начинот на користење на просторот, локацијата и големината на користената површина, периодот на користење, видот на изборен материјал кој ќе се одложува, чува и понатамошно постапување со истиот и

- не е донесен акт за начинот на обезбедување, ракување и располагање со целокупниот изборен материјал.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Изборниот законик како и од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создаваат ризик од соодветно ракување, одложување и чување на залихите на изборните материјали.

**Препорака:**
Одговорното лице да преземе мерки и активности за донесување на акт со кој поблиску ќе се уреди начинот на обезбедување, ракување и располагање со изборниот материјал, како и интензивирање на соработката со надлежните органи за обезбедување на соодветен магацински простор за изборниот материјал.

4.1.2. Со Правилникот за систематизација на стручната служба на ДИК[4], кој е во примена заклучно со месец октомври 2019 година, единицата за внатрешна ревизија е организирана како Самостојно одделение за внатрешна ревизија со систематизирани две работни места од кои во 2019 година, пополнето е едно. Во месец ноември 2019 година донесен е нов Правилник за систематизација на стручната служба на ДИК[5] со кој во единицата за внатрешна ревизија, се предвидени четири работни места.
Констатиравме дека во текот на 2019 година не е извршена ниту една ревизија од вкупно три предвидени со годишниот план. Исто така, раководителот на одделението извршува работни задачи кои се однесуваат на создавање, креирање и потпишување на одредени документи поврзани со работењето на ДИК, што не е во согласност со член 33 став 4 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кој се пропишува ...*„раководителот на единицата за внатрешна ревизија не треба да извршува задачи во субјектот што не произлегуваат од функцијата на внатрешна ревизија“...* со што се нарушуваат принципите на независност, објективност, професионалност на ревизијата.

Наведените состојби придонесуваат за неостварување на функцијата на внатрешната ревизија, во насока на минимизирање на слабостите и подобрување на ефикасноста на работењето на субјектот, како и не обезбедување на уверување на раководителот на субјектот за функционирањето на системите и процесите во ДИК.

[4] број 01-1727/1од 25.08.2017 година
[5] број 04-2903/2 од 07.11.2019 година

Препорака:
Одговорното лице да преземе мерки и активности за функционирање на единицата за внатрешна ревизија согласно актите за организација и систематизација на работните места во стручната служба на ДИК и кадровско екипирање на истата и вршење на ревизиите согласно донесените годишни планови за работа.

## 4.2. Финансиски извештаи

**4.2.1.** Со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници утврдена е обврската најмалку еднаш годишно да се врши усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.

Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, ревизијата ги утврди следните состојби:

- донесено е Решение за формирање на Комисија за вршење на редовен годишен попис за 2019 година[6] и изготвен е извештај;
- не е извршен попис во ДИК, како и во подрачните одделенија и канцеларии во состав на ДИК на дел од средствата и на обврските;
- пописните листи за опремата не се целосно пополнети, односно не содржат вредносни показатели и истите не се потпишани од страна на сите членови на комисијата за попис;
- не е извршен попис на изборниот материјал лоциран во магацинот кој го користи ДИК;
- сите материјални средства кои се ставени во употреба не располагаат со инвентарни броеви;
- најдоцна до 08.02.2020 година не се спроведени сите активности поврзани со спроведување на пописот за 2019 година и
- не е презентиран акт донесен од страна на одговорното лице за начинот на постапување со утврдените кусоци и вишоци.

Наведените состојби упатуваат на нецелосно постапување согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници кои се однесуваат на начинот на вршење на попис, што има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата и нивните извори и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите што ги даваат истите.

[6] Број 04-56/1 од 10.01.2020 година

Препорака:

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- вршење целосен попис на сите средства и обврски кои ги користи ДИК и кои се искажани во деловните книги;
- пописните листи да ги содржат сите потребни податоци и истите да се потпишани од сите членови на пописната комисија;
- поставување на инвентарни броеви на материјалните средства;
- усогласување на сметководствената состојбата со фактичката состојба утврдена со попис, како и усогласување на материјалната и финансиската евиденција на основни средства;
- навремено спроведување на активностите во законски определениот рок и
- разгледување и усвојување на извештајот за попис од страна на одговорното лице.

## 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

Изборот, висината и начинот на надоместување за извршениот ангажман на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на изборите за Претседател на РСМ и предвремени избори за градоначалници на општините Охрид, Ново село и Дебар, 2019 година се уредени со одредбите од Изборниот законик, Правилник[7] и Упатство[8]. Согласно наведените законски и подзаконски акти, право на надоместок за извршената работа во подготовка и спроведување на изборите имаат:

- членови на изборните органи и тоа претседател, потпретседател и членовите на ДИК, претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на ОИК и претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на ИО и
- изборната администрација и тоа: вработените во стручната служба на ДИК; ангажирани лица во помошните тела на ДИК; секретарите и нивните заменици на општинските изборни комисии и други лица времено ангажирани за изборен процес по налог на ДИК.

Врз основа на донесените подзаконски акти, во текот на 2019 година донесени се повеќе одлуки за исплата на надомест на членовите на изборните органи и изборната администрација.

[7] Правилник за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија и Предвремени избори за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар, 2019 година број 08 – 1963/1 од 28.05.2019 година

[8] Упатство за начин на реализација на средствата за исплата на надоместоци на членовите на изборните органи и изборната администрација, определени со правилникот на Државната изборна комисија, број 08 – 1963 1 од 28 мај 2019 година број 08 – 1964/ 1 од 28.05.2019 година

Со извршениот увид во доставената документација и на начинот на определување на износот на надоместоците на членовите на изборните органи и изборната администрација, утврдивме состојби кои не се во согласност со погоре наведениот правилник и упатство, а кои се однесуваат на:

4.3.1. По завршување на изборните активности донесени се три (3) Одлуки[9] за исплата на надомест на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици, секретарот, неговиот заменик во општинските изборни комисии (ОИК) во вкупен износ од 20.543 илјади денари. Со член 37 став 2 точка 8 од Изборниот законик и член 10 од правилникот уредено е дека по завршување на изборните активности секоја ОИК изготвува Извештај за работа со податок за бројот на избирачки одбори и број на избирачи запишани во изводите од избирачки список за избирачките места во нивна надлежност, видот и сложеноста на работите, обемот и времетраењето на ангажманот за извршување на работите и времето во кое се извршени работите за спроведувањето на дејствијата и истиот го доставува до ДИК.

Исто така со член 34 од правилникот уредено е дека ДИК надоместокот го пресметува за секој член на изборниот орган и изборната администрација одделно, согласно поединечно утврден ангажман, определен врз основа на поднесените извештаи и критериумите утврдени со правилникот.

Со извршениот увид во доставените извештаи утврдивме дека:

- од вкупно осумдесет (80) ОИК, до ДИК не се доставени извештаи за работа од страна на дваесет и пет (25) ОИК, што преставува 31% од вкупниот број на ОИК и
- дел од доставените извештаи не ги содржат сите потребни податоци пропишани со правилникот, односно не содржат податок за бројот на избирачки одбори, број на избирачи запишани во изводите од избирачки список за избирачките места во нивна надлежност, видот и сложеноста на работите, обемот и времетраењето на ангажманот и времето во кое се извршени работите за спроведувањето на дејствијата.

[9] Одлука за исплата на надоместок на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици, секретарот, неговиот заменик во општинските изборни комисии (ОИК) за спроведувањето на изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија, 2019 година, број 08-2010/4 од 21.06.2019 година

Одлука за исплата на надоместок на членовите, нивните заменици, секретарите и нивните заменици од општинските изборни комисии (ОИК) за спроведувањето на изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија, 2019 година, а кои не се исплатени со одлука бр. 08-2010/4 од 21.06.2019 година, број 08-2010/4 од 21.06.2019 година

Одлука за исплата на разлика на надоместок на претседателот, неговиот заменик, членовите, нивните заменици, секретарот и неговиот заменик за општинска изборна комисија Ново Село за спроведувањето на изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија, 2019 година, број 08-2010/10 од 21.08.2019 година

Наведените состојби имаат влијание врз реалното утврдување на критериумот за определување на висината на надоместокот на членовите на ОИК, како и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните расходи во финансиските извештаи.

Препорака:
Одговорното лице на ДИК да преземе мерки и активности за навремено доставување на извештаите од ОИК до ДИК и извештаите да ги содржат сите потребни податоци пропишани со правилникот.

4.3.2. Исплатата на средства за тековни трошоци што настануваат во врска со извршување на изборните активности на секој ОИК се врши авансно, по формирање на ОИК, согласно Упатство[10] и Одлука за доделување на средства за спроведување на изборите на ОИК. По овој основ, на ОИК исплатени се средства врз основа на донесени две Одлуки[11] во вкупен износ од 3.019 илјади денари.
Согласно одредбите од наведеното упатство уредено е дека по завршување на изборните дејства и активности за вкупно потрошените средства потребно е ОИК да состави финансиски извештај и за сите направени трошоци да приложи соодветен финансиски документ.

Со извршениот увид во финансиските извештаи за потрошени средства и расположливата поткрепувачка документација за исплатените средства по наведените основи, ги утврдивме следните состојби:
- кај дел од ОИК, финансиските извештаи не содржат комплетната финансиска документација (патни налози, фискални сметки, сметкопотврди), како доказ за исплатените средства и
- кај дел од ОИК како прилог кон финансиските извештаи не се доставени пополнети формулари за присуство за работа (преглед за аналитичка евиденција), како и оригинален примерок од записниците од сите одржани седници.

Исплатата на средствата без соодветна документација пропишана во законската регулатива претставува незаконска исплата на паричните средства.

[10] Упатство за работа на Општински изборни комисии и Град Скопје број 08-789/01 од 20.03.2019 година
[11] Одлука за доделување на средства на општинските изборни комисии за спроведување на изборите 2019 година број 08-477/1нод 21.02.2019 година и
Одлука за доделување на дополнителни средства на општинските изборни комисии за спроведување на изборите 2019 година број 08-477/2 од 17.04.2019 година

Препорака:

Одговорното лице во наредниот период да врши исплата на средства врз основа на претходно поднесена целокупна документација.

4.3.3. При спроведувањето на изборите за Претседател на РСМ и предвремени избори за градоначалници на општините Охрид, Ново село и Дебар, 2019 година за лицата кои се членови во ИО (претседател, членови и нивни заменици), врз основа на донесена Одлука[12] исплатени се вкупно 133.080 илјади денари. Во одлуката е наведено дека податоците се технички обработени врз основа на внесените податоци од страна на ОИК за исплата на надоместокот за ИО, истите се во нивна надлежност и се потврдени од страна на ОИК, за што не беа презентирани соодветни докази.

За реализација на активностите на изборниот процес, по спроведена постапка за јавна набавка, склучен е договор за набавка на услуга – измена и надградба на софтвер – веб апликација, за внес на податоци за исплата на ОИК и ИО, со што е овозможено внесување на податоци за лицата во единствена база на централна локација во ДИК, од страна на сите ОИК, како и контрола на внесените податоци со податоците содржани кај носителите на платен промет. Ревизијата не беше во можност да изврши споредба на податоците внесени од страна на ОИК со податоците од одлуките за исплата на надоместоците изготвени од страна на ДИК, заради не презентирани и незачувани податоци во веб апликацијата (електронски или во хартиена форма) што не е во согласност со одредбите на Одлуката, поради што не ја потврдува целосноста и точноста на исплатените надоместоци.

Имајќи го во предвид значителното учество на исплатите по овој основ во однос на вкупните расходи на ДИК во годините во кои се одвиваат изборни процеси, кои во 2019 година изнесуваат 44,48% во однос на одобрениот буџет по програмата за изборни активности во 2019 година, овластениот државен ревизор и во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на ДИК заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година, извести за наведената состојба и укажа на потребата од преземање мерки за надминување на истата.

Препорака:

Одговорното лице да преземе мерки и активности за обезбедување доказ, авторизација на извршена техничка обработка, односно контрола на податоците од страна на ДИК и обезбедување на заштита и чување на податоците во софтверската апликација.

[12] Одлука за исплата на надоместок на Претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици изборите за Претседател на Република Северна Македонија и предвремени избори за градоначалници на општините Охрид, Ново село и Дебар, 2019 година број 07-2010/7 од 09.07.2019 година

4.3.4. Правото на надоместок за изборната администрација, вработени во стручната служба на ДИК и лицата ангажирани во помошните тела се уредени со одредбите на горенаведениот правилник со кој се определени критериуми за утврдување на висината на надоместокот. По завршување на изборите, согласно донесени Одлука[13] и Одлука[14] за исплата на надоместок на вкупно 154 лица ангажирани во помошните тела и лица вработени во стручната служба на ДИК, исплатени се средства во вкупен износ од 5.733 илјада денари.

Со извршената анализа на одредбите од донесените подзаконски акти во делот на исплатата на надоместок по овој основ ги утврдивме следните состојби:

- Согласно член 21 од правилникот, ДИК надоместокот за изборната администрација и лицата ангажирани во помошните тела, го определува врз основа на три критериуми и тоа:
  - временски ангажман, се определува врз основа на времетраење на ангажманот, за што е предвиден надоместок во висина од 12 илјади денари, за секој месец поминат во изборниот процес;
  - работни компетенции, се определуваат врз основа на одговорноста, видот, сложеноста и обемот на работите при спроведувањето на изборните дејствија, за кои е определен надоместок во висина до 25 илјади денари и
  - работна успешност, за која се определува надоместок во висина до 20% од вкупно пресметаниот износ за временски ангажман и работни компетенции.

  Со извршениот увид во начинот на пресметка на надоместокот за горе наведените лица утврдивме дека пресметката на надоместокот за работни компетенции и работна успешност како дел од вкупниот надоместок е извршено врз основа на критериуми кои не се квалитативно определени и мерливи, што создава ризик од можност за субјективно определување на висината на наведените критериуми и

- Дел од доставените извештаи од координаторот на работната група не содржат податоци за времетраењето на ангажманот за извршување на работите како и времето во кое се извршени работите за спроведувањето на изборните дејствија, што не е во согласност со член 28 од правилникот.

[13] Одлука за исплата на надомест на лицата ангажирани во помошните тела на ДИК од членовите 29, 30, став 1 точка 6 од Правилникот на ДИК број 08-1963/1 од 28.05.2019 година број 08-2010/2 од 07.06.2019 година и Одлука за исплата на надоместок за дополнителен ангажман на лица од помошните тела во ДИК број 08-2010/6 од 28.06.2019 година

[14] Одлука за исплата на надомест на лицата вработени во стручната служба на Државната изборна комисија од членот 29 став 1 точка 1 од Правилникот на Државната изборна комисија број 08-1963/1 од 28.05.2019 година

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на Правилникот и имаат за ефекти неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните расходи.

Препорака:
Одговорното лице да преземе мерки и активности за:
- пресметката на надоместокот за работни компетенции и работна успешност како дел од вкупниот надоместок да се врши врз основ на критериуми кои се квалитативно определени и мерливи и
- доставување на поткрепувачка документација за потврдување на временскиот аранжман на изборната администрација и помошните тела при спроведување на изборните активности.

**Доделување на договори за јавни набавки**

Со цел стекнување на уверување за усогласеноста на користењето на средствата на Државната изборна комисија со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на јавни набавки од аспект на обезбедување на конкуренција на економските оператори, еднаков третман, транспарентност и како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки. Во текот на 2019 година во ДИК спроведени се вкупно 32 постапки за јавни набавки од кои 29 постапки се однесуваат за потребите за изборните активности. Од вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки опфативме 77,15 %, односно од вкупно преземени обврски во износ од 109.217 илјади денари опфатени се 84.259 илјади денари и констатирани се следните состојби:

### 4.3.5. Доделување на договори за јавни набавки за редовно работење

- Во текот на 2019 година во ДИК преземени се обврски и извршени се расходи во вкупен износ од 3.890 денари без да биде спроведена постапка за јавна набавка и тоа:
  - за набавка на електрична енергија преземени се обврски во вкупен износ од 2.675 илјади денари. Во 2020 година оваа состојба е надмината односно спроведена е постапка за доделување на договор за набавка на електрична енергија;
  - за периодот јануари – април 2019 година извршени се услуги за месечно сервисирање и одржување на информатичка опрема (хардвер и системски софтвер) во вкупен износ од 125 илјади денари по истек на склучен договор;
  - за тековно одржување на хигиена преземени се обврски во износ од 741 илјада денари и

- преземени се обврски во износ од 349 илјади денари за извршени писмоносни услуги во внатрешен сообраќај, ЕМС услуги во внатрешен сообраќај како и преземање и доставување на пратки.

Утврдената состојба не е во согласност со член 2 и член 16 од ЗЈН[15], односно член 3 и член 20 од ЗЈН[16], со која не е обезбедена конкуренција од економските оператори што може да има ефект ненаменско и незаконско користење на средства.

**Препорака:**

Одговорното лица на ДИК да преземе активности за планирање на годишните потреби од набавки и преземање на обврски врз основа на спроведени постапки за јавни набавки.

### 4.3.6. Доделување на јавни набавки за изборни активности согласно Законот за јавни набавки кој се применувал до 31.03.2019 година

- За реализација и непречено одвивање на изборните активности, согласно годишниот план за јавни набавки, ДИК има доделено договори за набавка на стоки и услуги од кои најголемиот дел се спроведени по пат на преговарање без објавување на оглас, согласно одредбите од член 99 став 1 точка 1 алинеја 3 од Законот за јавните набавки, при што ревизијата ги констатира следните состојби:
    - известувањето за склучен договор за 7 спроведени постапки за јавни набавки е доставено во ЕСЈН со задоцнување од 11 до 47 дена, што не е во согласност со член 55 став 1 од ЗЈН, што влијае на намалена транспарентност и јавност при реализацијата на јавните набавки и
    - во 2 (два) склучени договори во вкупен износ од 33.500 илјади денари и тоа за набавка на транспорт и сместување на членови на ИО во ДКП за изборите 2019 година и за транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за изборите 2019 и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно, утврдивме дека одредени одредби, динамиката и начинот на исполнување на договорот, начинот, условите и роковите за плаќање, не се однесуваат за предметот на склучените договори, што не е во согласност со одредбите на член 165 од ЗЈН.

- Во март 2019 година спроведена е постапка за изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за изборите 2019 година, склучен е договор по кој се преземени обврски во вкупен износ од 27.600 илјади денари. Со извршениот увид во спроведената постапка ги утврдивме следните состојби:
    - постапката за јавна набавка е спроведена по пат на преговарање без објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 од ЗЈН.

[15] Закон за јавни набавки кој се применувал до 31.03.2019 година.
[16] Закон за јавни набавки кој е во примена од 01.04.2019 година.

Истакнуваме дека во 2020 година спроведена е отворена постапка за јавна набавка за изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за предвремените парламентарни избори 2020 година и

- склучен е анекс кон основниот договор во вкупна вредност од 772 илјади денари, без да се спроведе постапка за преговарање без објавување на оглас што не е во согласност со член 99 од ЗЈН. Исто така, утврдивме дека предметот на набавка во анексот е предвиден само во случај на евентуално прегласување. Во спроведувањето на изборите во 2019 година немаше втор круг на гласање.

Истакнуваме дека за наведената постапка за изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за изборите 2019 година поднесена е пријава во Државната комисија за спречување на корупција.

- Со извршениот увид во тендерската документација како и реализацијата на склучениот Договор[17] за транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за изборите 2019 и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно и Анекс кон Договорот[18] со вкупна вредност од 12.892 илјади денари, ги утврдивме следните состојби:
  - во тендерската документација не е определено дека избраниот понудувач може да користи подизведувач, согласно што избраниот економски оператор нема доставено понуда/договор за вршење на подизведување, со податоци за подизведувачи при вршењето на услугата. Со извршениот увид во прилогот кон фактурата, утврдивме дека се користени услуги од подизведувачи при вршење на транспортот од правни и физички лица. Ваквата состојба не е во согласност со член 45 од ЗЈН во кој е предвидено дека доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично).

    Со наведената состојба се оневозможува рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка како и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки;
  - склучен е анекс кон основниот договор со вредност од 2.892 илјади денари, без да се спроведе постапка за преговарање без објавување на оглас што не

[17] Договор број 05-870/8 од 08.04.2019 година за јавна набавка на Транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за изборите 2019 година и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно за Претседателските избори 2019

[18] Анекс кон договорот број 05-870/8 од 08.04.2019 година за јавна набавка на Транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за изборите 2019 година и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно за Претседателските избори 2019 број 05-890/9 од 11.06.2019 година

е во согласност со член 99 од ЗЈН и

- доставената фактура за извршен транспорт содржи прилози, патни налози со спецификација за поминати километри и назив на избирачкото место каде што е извршен превозот, но во најголем дел истите не се потпишани и одобрени од одговорните лица.

➢ Спроведена е постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас за транспорт и сместување на членови на ИО во ДКП за изборите 2019 година и склучен е договор со економски оператор во висина од 23.500 илјади денари како и анекс од 4.620 илјади денари. Утврдивме дека во прилог на фактурата се содржани Спецификација за членови на ИО - прв круг и Спецификација за членови на ИО - втор круг, опишани во табеларен преглед по градови каде се врши гласањето, име и презиме на членовите на ИК, како и цената на авиобилет и хотелското сместување. Наведената спецификација не е потпишана од одговорното лице и не содржи поткрепувачка документација (резервации/ фактури за престој од хотелите во странство, патничко осигурување, копнен превоз од Скопје до ДКП во странство и копнен превоз од ДИК до аеродром Скопје и обратно) која може да послужи како основ за потврдување на извршените услуги. Анексот кон основниот договор е склучен без да се спроведе постапка за преговарање без објавување на оглас што не е во согласност со член 99 од ЗЈН.

Воспоставениот начин на спроведување на постапките со преговарање без објавување на оглас не овозможува еднаков третман и конкуренција помеѓу економските оператори, создава ризик дека понудените конечни цени не ја одразуваат реалната пазарна вредност на стоките кои се предмет на набавка, истиот создава можност за фаворизирање на одреден економски оператор и влијае на рационалното и ефикасното искористување на средствата во постапките за јавна набавка. Непочитувањето на начелото на транспарентност влијае на отчетноста, интегритетот и конкуренцијата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

### 4.3.7. Доделување на јавни набавки за изборни активности согласно Законот за јавни набавки кој се применува од 01.04.2019 година

➢ Во спроведените постапки за јавни набавки, ДИК не го објавила известувањето за реализиран договор во рок од десет дена од денот на целосната реализација на договорот што не е во согласност со член 70 став 8 од ЗЈН.

➢ ДИК има спроведено постапка за јавна набавка и склучено договор за набавка на нови и на постојните софтверски решенија во вредност од 4.244 илјади денари.

Со извршениот увид во расположливата документација за спроведената постапка, ги утврдивме следните состојби:

- при спроведување на постапката за јавна набавка на нови и на постојни софтверски решенија во ДИК во износ од 4.244 илјади денари критериум за доделување на договорот за јавна набавка е определена најниска цена што не е во согласност со член 99 став 5 од ЗЈН, согласно кој кај постапките за јавна набавка на услуги за изработка на софтвер договорниот орган нема да ја користи цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда;
- на ден 12.03.2019 година е спроведена отворена постапка со објавување на оглас за доделување на договор за Набавка на нови и надградба на постојните софтверски решенија во ДИК составена од 2 дела - дел 1 надградба на интегриран изборен информационен систем во ДИК со функционалности за процеси при претседателски и локални избори во 2019 година и дел 2- Подобрување во апликација за финансиско работење. Дел 1 е поништен на ден 10.04.2019 година поради тоа што предвидените средства за набавка се 2.000 илјади денари, а од еден понудувач е доставена понуда од 4.249 илјади денари. Од страна на ДИК на ден 12.04.2019 година до Бирото за јавни набавки е пратено Барање на мислење за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас со кое се бара мислење со правен основ за крајна итност. Од страна на БЈН е добиен одговор во кој БЈН е на мислење дека не се исполнети условите за постапка за преговарање без објавување на оглас со образложение дека околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се препишат на договорниот орган. И покрај наведеното ДИК има спроведено постапка со преговарање без објавување на оглас и има доставено понуда до еден економски оператор. Истакнуваме дека, со извршениот увид во Годишниот план за вкупните потреби за ЈН во 2019 година на ДИК утврдивме дека првично предвидените средства се во износ од 4.200 илјади денари и истата е предвидена да се спроведе како отворена постапка со објавување на оглас. Пред да се започне со спроведувањето донесена е Измена и дополнување на годишниот план со кој вредноста на набавката е намалена на 2.000 илјади денари.

  По поништување на постапката (поради тоа што не е поднесена ниту една соодветна понуда), на ден 08.04.2019 година донесена е Измена и дополнување на Годишниот план, со која вредноста на постапката е определена на 4.600 илјади денари и видот на постапката се менува во постапка со преговарање без објавување на оглас.
- доставената документација кон постапката за јавна набавка не е комплетна, односно недостасува документација (изјави за судир на интереси, доставената конечна понуда од економскиот оператор) што не е во согласност член 38 и 55 од ЗЈН;
- не се доставени известување за доброволна претходна транспарентност, известување за склучен договор и известување за реализиран договор до

ЕСЈН согласно предвидените рокови и 68 и 70 од ЗЈН и
- од страна на ДИК не се води евиденција на постапката во посебна евидентна книга во електронска форма на ЕСЈН, во која се евидентираат сите документи што произлегуваат од соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 129 од ЗЈН.

Наведените состојби кои се однесуваат на спроведување на постапките со преговарање без објавување на оглас не овозможува еднаков третман и конкуренција помеѓу економските оператори и создава ризик дека понудените конечни цени ја одразуваат реалната пазарна вредност на стоките кои се предмет на набавка. Исто така непочитувањето на начелото на транспарентност влијае на отчетноста, интегритетот и конкуренцијата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Истакнуваме дека поради тоа што набавките на софтвер за потребите на изборните процеси се одвиваат во временски ограничени рокови, за секој изборен процес одделно, а притоа се од голема важност и потреба за одржувањето на истите, ревизијата е на мислење дека потребно е да изврши анализа на потребата од набавка на софтверска апликација во редовна постапка за јавна набавка, која софтверска апликација ќе биде сопственост на ДИК, ќе се користи за сите изборни процеси и која ДИК ќе може да ја администрира. Ваквиот вид на постапка за јавна набавка ќе се овозможи конкуренција, транспарентност и еднаков третман и недискриминација на економските оператори и заштеда на јавни средства.

Препорака:

Одговорното лице на ДИК да преземе мерки и активности за:
- при спроведување на јавните набавки за изработка и печатење на доверлив изборен материјал да се примени повеќегодишна постапка за јавни набавки (рамковна спогодба) со која би била дефинирана вредноста на набавката и техничките карактеристики на изборниот материјал, а поединечните договори за набавката да се доделуваат во периодот на спроведување на изборите;
- почитување на одредбите во тендерската документација при спроведување/реализација на договорите за јавните набавки;
- навремено објавување на известувањето за склучен и реализиран договор на страната на ЕСЈН;
- склучените договори за јавни набавки да ги содржат потребните одредби поврзани со предметот на набавката;
- реализацијата на услугите да се врши на начин предвиден во склучените договори и
- почитување на одредбите на ЗЈН за спроведување постапка при склучување на анекси кон договорите на јавните набавки.

### Основа за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди искажани во точките 4.1., 4.2. и 4.3. а кои се однесуваат на отсуство на акт со кој ќе се утврдат минимални стандарди за материјално технички средства и опрема, просторно сместување и човечки ресурси поврзани со чување на избирачкиот материјал; несоодветно постапување при извршување на активностите на пописот на средствата и изворите на средствата; отсуство на целосна, уредна и веродостојна поткрепувачка документација за исплата на надоместоците за лицата ангажирани во изборниот процес; неможност да се изврши споредба на податоците внесени од страна на ОИК со податоците од одлуките за исплата на надоместоците; пресметка на надоместокот за лицата ангажирани во помошните тела и изборната администрација е извршено врз основа на критериуми кои не се квалитативно определени и мерливи, како и недоследности при постапувањето во начинот на спроведување на постапките при доделувањето на договорите за јавни набавки, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според, наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државната изборна комисија на ден 31 декември 2019 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државната изборна комисија, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. ДИК е тужена страна од физички и правни лица за судски предмети по основ на наплата на долг и работни спорови во вкупен износ од 692 илјади денари. Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на ДИК во иднина.

6.2. Сметаме за потребно да го истакнеме процесот на спроведување и реализација на постапки за јавни набавки спроведени во текот на 2020 година, за кои е поведена постапка пред Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и која до денот на известување од извршената ревизија се уште не се завршени, а кои се однесуваат на:

- Нови и надградба на постојните софтверски решенија во ДИК за потребите при спроведување на предвремените парламентарни избори во 2020 година. Во февруари 2020 година од страна на ДИК објавен е оглас за спроведување на јавна набавка со отворена постапка и по истиот донесена е одлуката за избор на најповолна понуда. При спроведување на оваа постапка за јавна набавка ДИК нема постапено согласно одредбите на член 87 од Законот за јавните набавки, со кои е уредено дека при утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган потребно е да утврди дали постојат причини за нивно исклучување од постапката и дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени со член 89, 90, 91 и 92 од законот. И покрај тоа што еден од економските оператори требало да биде исклучен поради доставена некомплетна документација, Комисијата за јавни набавки не го исклучила, туку спровела евалуација на неговата понуда и донела одлука со која го избрала за најповолен понудувач.

  Од страна на неизбраниот економски оператор доставена е жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која ја усвоила истата, со што ја поништила одлуката за избор на најповолна понуда.

  Поради итноста на набавката на софтвер за претстојните избори од страна на ДИК спроведена е постапка со преговарање без објавување на оглас во која се сменети техничките услови/техничката спецификација од поништената отворена постапка односно се променети условите за софтверските решенија во ДИК. За оваа постапка ДИК нема објавено известување за доброволна претходна транспарентност, со што е нарушено начелото на транспарентност. По склучување на договорот, истиот во 2020 година е реализиран во целост во износ од 900 илјади денари без ДДВ и

- Во однос на спроведената постапката за јавна набавка на Телевизори кои ќе овозможат приказ на резултати од избори во надворешни услови за заштита и одржување на растојание поради Ковид 19, спроведена по пат на преговарање без објавување на оглас, на ревизијата беше доставено досието на постапката, кое не ги содржи документите со кои би се потврдило дека се доставени понуди до економските оператори, доказ за исполнети услови за квалитативен избор и способност за вршење на професионална дејност, доставените понуди, изјавите за судир на интереси. За потребите на постапката, комплетната документација ДИК ја има предадено на Обвинителството за организиран криминал и корупција во оригинал, која до денот на известување од извршената ревизија се уште е во тек.

Истакнуваме дека во 2020 година, склучениот договор за горенаведениот предмет на набавка е реализиран во целост во износ од 350 илјади денари без ДДВ.

6.3. Правото на глас на граѓаните е уредено со Уставот на РСМ согласно кој секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право кое е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Начинот и условите за спроведување на гласањето на граѓаните на РСМ кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство во државите во кои престојуваат се имплементирани во одредбите од Изборниот Законик со парламентарните избори во 2011 година. Согласно Изборниот законик, државјаните на РСМ кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство, а се запишани во Избирачкиот список врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријава за гласање, гласаат за избор на претседател на Републиката и за избор на пратеници во Собранието на РСМ во конзуларните канцеларии, односно во ДКП на РСМ во странство. Согласно поднесените пријави по објавениот јавен повик граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, можат да доставaт пријава своерачно потпишана или испратена преку апликацијата со лична електронска пошта со која се пријавуваат за гласање на претстојните избори. Избирачко место не може да се определува за населено место во кое живеат помалку од десет избирачи и во ДКП, односно конзуларните канцеларии каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање.
Со извршениот увид и анализа во извршените трошоци за гласање во ДКП за Претседателските избори во 2019 година утврдивме дека за Претседателските избори се имаат пријавено за гласање вкупно 1.781 граѓанин во 32 (триесет и две) ДКП, од кои на денот на изборите гласале 828 избирачи.
За Претседателските избори во ДКП ангажирани се 256 лица од државната администрација, надлежни за спроведување на изборите во ДКП, за кои се исплатени вкупно 35.066 илјади денари, по основ на авионски карти, хотелско сместување, дневници за патување во странство и надомест за други трошоци.

Неоспорувајќи го уставното право на глас на секој граѓанин на РСМ, како и потребата од почитување на буџетските цели и начела на ефективност, ефикасност и економичност при користењето на јавните средства согласно Законот за буџетите, ревизијата истакнува дека потребно е да се изврши анализа на постапката и начинот на гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство.

## 7. Останати прашања

7.1. При увид во законските и подзаконските акти кои ја уредуваат областа на даноци утврдено е постоење на неусогласеност помеѓу истите и одредбите од Изборниот законик. Имено, во член 11 од Изборниот законик е наведено ....„*За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите, во изборната постапка, услугата, печатењето на гласачките ливчиња и набавка и увоз на изборен материјал не се плаќа царина и данок. Сите дејствија и акти на државните органи, сите поднесоци и докази во врска со евиденцијата на избирачкото право се ослободени од плаќање на такси и даноци. Министерството за финансии го пропишува постапувањето при оданочување со данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите, како и царинење*."

Ревизијата истакнува дека со Законот за додадена вредност не е регулирано даночно ослободување за ДДВ во врска со спроведување на изборите, ниту Министерот за финансии има донесено подзаконски акт за начинот на постапување при оданочување со данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 580.977 | 191.030 |
| **Вкупно приходи** | | **580.977** | **191.030** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 51.769 | 58.361 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 100.223 | 10.980 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 421.313 | 121.634 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **573.305** | **190.975** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 7.672 | 55 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7.672** | **55** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **580.977** | **191.030** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2019 | | 2018 |
| Актива | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 105 | | 192 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 42 | | 9 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 6.794 | | 5.884 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.941** | | **6.085** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 12.515 | | 11.133 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 116.554 | | 108.464 |
| **Вкупно постојани средства** | | **129.069** | | **119.597** |
| | | | | |
| Вкупна актива | | 136.010 | | 125.682 |
| | | | | |
| Пасива | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2.378 | | 1.129 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 4.060 | | 4.388 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 503 | | 568 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6.941** | | **6.085** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 129.069 | | 119.597 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **129.069** | | **119.597** |
| | | | | |
| Вкупна пасива | | 136.010 | | 125.682 |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2019

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2019 година** | **119.597** | **119.597** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **18.069** | **18.069** |
| Набавки | 16.819 | **16.819** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.250 | **1.250** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **8.597** | **8.597** |
| Амортизација | 8.597 | **8.597** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **129.069** | **129.069** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 03-958/2
23.06.2021 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено / Pranuar më: | 23.06.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr. | Прилог: / Shtojcë | Вредност: / Vlera: |
| | 10-70/7 | | |

До
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ул. Павел Шатев бр. 2,**
**Палата Емануел Чучков, 1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ:** **ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА НА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ВРСКА:** **Ваш број: 10-70/6 од 27.05.2021 година**

**ДОСТАВУВА:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје**

Почитувани,

Со допис под горенаведениот број, Државниот завод за ревизија на 27.05.2021 година достави до Државната изборна комисија „Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Државна изборна комисија", и побара доколку Комисијата има забелешки на Нацрт извештајот, истите да ги достави, писмено во рок од 30 дена од приемот до Овластениот државен ревизор.

Во прилог Ви ги доставуваме нашите забелешки по Нацрт извештајот.

4.1 Усогласеност со закони и прописи
4.1.1

– **недоверлив изборен материјал**

Ревизорскиот тим кој ја изврши ревизијата во ДИК, правилно утврдил и констатирал дека:

- за чување на изборниот недоверлив материјал ДИК користи магацински простор во касарната '' Илинден '' во Скопје, без надоместок.
- постојниот магацински простор не е доволен, соодветен и адекватен за понатамошно чување на

*бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија* *e-mail: izbori@sec.mk*

*Тел. + 389 2 3244 744* *web: www.sec.mk*

материјалите, нешто што е констатирано од страна на одговоните лица на ДИК.

Погрешен е наодот дека овој простор „не обезбедува сигурност и заштита на складираниот материјал“.

Се работи за период кога процесот за полноправно членство во НАТО е веќе започнат и АРМ е должна да се преструктуира во насока на исполнување на бараните НАТО стандарди. Според нив во ниту еден војнички објект не смее да има присуство на други лица или институции или други цивилни организации да користат простор во нив, освен МО и АРМ. Можноста за влез на цивили во воени објекти е ограничена, што го доведува во прашање функционирањето на магацинот. Од овие причини, ДИК во повеќе наврати, телефонски, беше известена од страна на командата на касарна Илинден дека треба да се дислоцираат изборните материјали од објектот во касарната каде се чуваат. Според укажувањата од МО и командата на касарната Илинден, непостои писмен запис, договор или наредба, врз основа на кој на ДИК му се дадени на користење овие простории па оттука нема ни можност командата на касарната Илинден да потпише договор за користење или достави писмено барање за дислокација на магацинскиот простор.

Ревизорскиот тим правилно согледал дека ДИК се има обратено во повеќе наврати до Владата на РСМ, ГС на ВРСМ, СОЗР и други институции со барање за надминување на овој проблем. Единствено решение во такви услови беше изнајмување на магацин од приватни трговски друштва, што беше и направено.

Не се согласуваме со констатацијата дека: „не е изготвен записник за извршено примо – предавање на недоверливиот изборен материјал од еден во друг магацин, како и дека не е извршен попис на истите.“

Во февруари 2019 година со Решение, бр. 02-352/1 од 12.02.2019 година, ДИК назначува овластено лице и негов заменик за магацинско работење, бидејќи Комисијата нема вработено магационер па е приморана да даде овластување на надворешни лица, кои се дел од помошните тела на Комисијата. Овие лица, во текот на месец март 2019 година, извршија попис на целокупниот материјал кој бил складиран во просторот во касарната Илинден и извештајот за пописот го доставиле до ДИК, извештај бр. 03-657/1 од 11.03.2019 година. Истите лица беа овластени да го извршат преместувањето на материјалот од касарната Илинден во новиот магацин во кругот на поранешната фабрика „Мирка Гинова“ во Скопје. Преносот на овој материјал е извршен во месец август 2019 година, и тоа во деновите 21 – 30 август 2019 година. Формален записник за примо-предавање на материјалите не е направен, затоа што се работи за исти лица и ист субјект, односно истите лица треба сами на себе да го предадат материјалот.

На 29.01.2020 година, лицето овластено за магацинско работење во ДИК, изврши попис на целокупниот материјал кој е складиран во магацинскиот простор кој го користи ДИК а кој се наоѓа во кругот на поранешната фабрика „Мирка Гинова“ во Скопје. Извештајот за пописот, бр. 03-216/1 од 29.01.2019 година е доставен до Комисијата.

– **доверлив изборен материјал**

Во однос на утврдната состојба во точката 4.1.1 во делот „доверлив изборен материјал“, ревизорскиот тим правилно ја утврдил состојбата но сметаме дека треба да се даде дополнително образложение.

Станува збор за прием и времено чување на транспортните вреќи со гласачките ливчиња, избирачкиот список, дневникот за евиденција на настани и другиот доверлив изборен материјал, од спроведеното гласање. Овие материјали треба да и бидат достапни на ДИК во евентуалните постапки по приговори. Затоа овој материјал не се одлага веднаш во магацин, туку се прима и привремено чува во простор блиску до ДИК. Заклучно со 2016 година, овој материјал беше приман и времено чуван во Клубот на пратениците. Но поради претходно договорени редовни активност, Клубот на пратениците не ни беше даден на располагање. Просторот во Националната арена Тоше Проески во Скопје ни беше обебеден еден ден пред денот на гласањето во првиот изборен круг. ДИК веднаш, преку службен меил ги извести сите ОИК за обврската овој материјал да го достават во Националната арена Тоше Проески во Скопје, каде приемот го вршеа лица од помошното тело за магацинско работење, на чело со овластеното лице и неговиот заменик. Исто така, преку службен меил беше известен и МВР да организира 24 часовно обезбедување на овој материјал.

Односите помеѓу ДИК, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со стамбен и деловен простор од значење на Републиката и Националната арена Тоше Проески во Скопје не е возможно да бидат регулирање со потпишување на писмен договор од следните причини:

- За Националната арена Тоше Проески во Скопје нема технички прием (ова е случај во 2019 и 2020 година),
- Акционерското друштво за изградба и стопанисување со стамбен и деловен простор од значење на Републиката управува со Националната арена Тоше Проески во Скопје, но за тоа нема писмено овластување нити извршила прием на истата (ова е случај во 2019 и 2020 година),
- во 2019 и 2020 година не беа расчистени односите помеѓу инвеститорот, Владата на РСМ, СОЗР на ВРСМ, и ФФМ во врска со стопанисувањето со Националната арена Тоше Проески во Скопје.

Во врска со констатацијата дека „не е донесен акт за начинот за обезбедување, ракување и располагање со целокупниот изборен материјал“, ја користиме приликата да Ве известиме дека сите прашања поврзани со работата на изборната администрација (ОИК и ИО), вклучително и обезбедувањето, ракувањето и располагањето со изборниот материјал, се прашања кои се објаснети во Прирачникот за едукација и се повеќекратно опфатени во едукативните семинари одржани со ОИК и ИО.

### 4.1.2 Систематизација на стручна служба на ДИК

Со правилникот **за систематизација на стручната служба на ДИК4**, кој е во примена заклучно со месец октомври 2019, единицата за внатрешна ревизија е организирана како Самостојно одделение за внатрешна со систематизирани две работни места од кои во 2019 година, пополнето е едно. Во месец ноември 2019 година донесен е нов Правилник за систематизација на стручната служба на ДИК5 со кој во единицата за внатрешна ревизија, се предвидени четири работни места. Констатиравме дека во текот ма 2019 година не е извршена ниту една ревизија од вкупно три предвидени со годишниот план. Исто така, раководителот на одделениeто извршува работни задачи кои се однесуваат на создавање, креирање и потпишување на одредени документи поврзани со работењето на ДИК, што не се во согласност со член 33 став 4 од Законот за јвна внатрешна финансиски контрола, со кој се пропишува...” раководителотот на единицата за внатрешна ревизија не треба да извршува задачи во субјектот што не произлегуваат од функцијата на внатрешна ревизија”... со што се нарушуваат принципите на независност, објективност, професионалноста на ревизијата.

Наведените состојби придонесуваат за неостварување на функцијата на внатрешна ревизија, во насока на минимизирање на слабостите и подобрување на ефикасноста на работењето на субјектот, како и не обезбедување на уверување на раководителот на цубјектот за функционирањето на системите и процесите во ДИК.

- Во однос на единица за внатрешна ревизија во самостојно одделение за внатрешна ревизија, одделението е екипирано со едно ново вработено лице на место помлад соработник за внатрешна ревизија на обука во самостојното одделение за внатрешна ревизија во ДИК од јануари 2021 година.

- Самостојното одделение за внатрешна ревизија во ДИК донесе годишен план за внатрешна ревизија за 2021 година за спроведување на поединечни ревизии во ДИК.

### 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи

**4.3.1.** Ревизорскиот тим кој ја изврши ревизијата во ДИК, утврдил и констатирал дека од вкупно 80 ОИК, до ДИК не се доставени извештаи за работа од страна на 25 општински изборни комисии и дека дел од извештаите не ги содржат сите потребни податоци за бројот на избирачките одбори, број на избирачи запишани во изводите од избирачкиот список за избирачките места во нивна надлежност, видот и сложеноста на работите, обемот и времетраењето на ангажманот и времето во кое се извршени работите за спроведувањето на дејствијата.

Ова е состојба што е предизвикана ненамерно, кога се побарани извештаите од ОИК не се доставени сите, бидејќи одговорното лице не било присутно во моментот на предавање на извештаите, а вработениот кој ги предал не ги предал целосно. Во Државна изборна комисија се примени сите извештаи од 80 општински изборни комисии по завршување на изборите во 2019 година. Во однос на податоците општинските изборни комисии се формирани согласно Изборниот законик во кој се наведени податоците за секоја општина со броеви на избирачки места. Видот и сложеноста на работите е опфатена со Изборниот законик и Упатството за работа на ОИК и ИКГС донесено од страна на ДИК во 2019 година, вклучително и останатите упатства и подзаконски акти кои се усвоени на јавни седници на Државната изборна комисија. Во делот на времетраењето на ангажманот и времето во кое се извршени работите за спроведување на дејствијата општинските изборни комисии отпочнуваат со работа со распишувањето на изборите од страна на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и донесување на Роковникот од страна на Државната изборна комисија до конечноста на резултатите и поднесување на извештаите до ДИК. Дел од ангажираните во општинската изборна администрација можно е да имаат пократок ангажман за времетраењето на изборниот процес заради нивно изземање од работата на ОИК или нивен избор во остатокот на мандатот врз основа на случаен избор на јавна седница и за кое се изготвува одлука за измена и дополнување на одлуката за формирање на ОИК, а која е објавена во Сл.Весник.

**4.3.4.** Ревизорскиот тим кој ја изврши ревизијата во ДИК, утврдил и констатирал дека согласно член 21 од Правилникот за надоместок на изборната администрација, ДИК надоместокот за изборната администрација и лицата ангажирани во помошните тела, го определува врз основ на три критериуми и тоа:

- Временски ангажман, се определува врз основ на времетраење на ангажманот, за што е предвиден надоместок во висина од 12 илјади денари, се секој месец поминат во изборниот процес;
- Работни компетенции, се определуваат врз основа на одговорноста, видот, сложеноста и обемот на работите при спроведување на изборните дејствија, за кои е определен надоместок во висина од 25 илјади денари;
- Работна успешност, за која се определува надоместок во висина од 20% од вкупниот пресметан износ за временскиот ангажман и работни компетенции.

Во однос на начинот на исплата, за секој вработен во изборната администрација и лица ангажирани во помошните тела е направен поединечен преглед во однос на временскиот ангажман, работните компетенции врз основа на описот на работни задачи и поединечните одлуки за ангажирање на помошните тела за местото кое се повикани за извршување на работите во текот на изборниот процес, со конкретно наведени работни задачи и времетраење на ангажманот кои се донесени на јавна седница од страна на ДИК. Работната успешност е оценета врз основа на навремено извршените задачи во дадените рокови, нивната обемност или дополнителни работни задачи доделени од страна на надлежните.

Во прилог е прикажан табеларен приказ за пресметки на надоместоци:

## Пресметка за надоместок на изборна администрација во централа на ДИК

| | Висина на надомест | Координатор на раб. групи | Временски ангажман | | | Работни компетенции | | Работна успешност | | Висина на надомест |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | време | 12,500 мкд x 1 м. | Износ | 25,000 мкд | Износ | 20% x (e10 + g10) | Износ | e10 + g10 + i10 |
| | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | | | | | | | | | ИЗНОС |
| 1 | Абдулаи Авни | #, #, | 73 | 395 | 28.835 | | 25.000 | | 10.767 | 64.602 |
| 2 | Бајрами Хајриз | | 69 | 395 | 27.255 | | 10.000 | | 3.726 | 40.981 |
| 3 | Василевска Катерина | #, #, #, #, #, | 73 | 395 | 28.835 | | 25.000 | | 10.767 | 64.602 |
| 4 | Васиљевски Владо | #, #, | 69 | 395 | 27.255 | | 15.000 | | 6.338 | 48.593 |
| 5 | Величковска Невена | | 78 | 395 | 30.810 | | 20.000 | | 10.162 | 60.972 |
| 6 | Ѓорѓевиќ Грета | #, | 67 | 395 | 26.465 | | 25.000 | | 10.293 | 61.758 |
| 7 | Гугучевска Љупка | #, | 74 | 395 | 29.230 | | 25.000 | | 10.846 | 65.076 |
| 8 | Ѓурѓевиќ Нермина | | 72 | 395 | 28.440 | | 20.000 | | 7.266 | 55.706 |
| 9 | Димитровска Стружанчева Соња | #, | 78 | 395 | 30.810 | | 20.000 | | 10.162 | 60.972 |
| 10 | Елмази Алма | #, | 76 | 395 | 30.020 | | 15.000 | | 6.753 | 51.773 |
| 11 | Јанчев Добре | | 78 | 395 | 30.810 | | 25.000 | | 11.162 | 66.972 |
| 12 | Крстески Круме | | 0 | 395 | 0 | | | | 0 | 0 |
| 13 | Ќуштерова Ирена | | 72 | 395 | 28.440 | | 20.000 | | 7.266 | 55.706 |
| 14 | Меџити Агрон | #, | 73 | 395 | 28.835 | | 15.000 | | 6.575 | 50.410 |
| 15 | Милушев Јане | | 75 | 395 | 29.625 | | 15.000 | | 6.694 | 51.319 |
| 16 | Михајловска Габриела | #, #, | 73 | 395 | 28.835 | | 25.000 | | 10.767 | 64.602 |
| 17 | Оџаклиеска Блажевска Славица | #, | 61 | 395 | 24.095 | | 20.000 | | 8.819 | 52.914 |
| 18 | Пајазити Сејди | | 70 | 395 | 27.650 | | 20.000 | | 9.530 | 57.180 |
| 19 | Рашити Феми | | 73 | 395 | 28.835 | | 20.000 | | 7.325 | 56.160 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Ризова Биљана | | 0 | 395 | 0 | | | | 0 | 0 |
| 21 | Сељмани Исамед | | 73 | 395 | 28.835 | | 20.000 | | 7.325 | 56.160 |
| 22 | Соколовска Соња | | 75 | 395 | 29.625 | | 15.000 | | 8.925 | 53.550 |
| 23 | Софронијоски Александар | #, | 72 | 395 | 28.440 | | 20.000 | | 7.266 | 55.706 |
| 24 | Спасеноска Неда | | 41 | 395 | 16.195 | | 20.000 | | 5.429 | 41.624 |
| 25 | Стојковски Благоја | #, | 73 | 395 | 28.835 | | 25.000 | | 10.767 | 64.602 |
| 26 | Сулејмани Сулејман | #, | 52 | 395 | 20.540 | | 10.000 | | 3.054 | 33.594 |
| 27 | Томиќ Елизабет | | 75 | 395 | 29.625 | | 15.000 | | 6.694 | 51.319 |
| 28 | Трајаноска Маријана | | 72 | 395 | 28.440 | | 20.000 | | 7.266 | 55.706 |
| 29 | Шабани Адмир | #, #, #, | 74 | 395 | 29.230 | | 25.000 | | 10.846 | 65.076 |
| 30 | Шабани Мергим | | 75 | 395 | 29.625 | | 15.000 | | 6.694 | 51.319 |
| | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | | | | | **1.558.954** |

| | вк. денови | раб. ден. | саботи | недели |
|---|---|---|---|---|
| февруари | 21 | 15 | 3 | 3 |
| март | 31 | 21 | 5 | 5 |
| април | 30 | 22 | 4 | 4 |
| мај | 13 | 9 | 2 | 2 |
| | 95 | 67 | 37500 | |
| | 395 | | | |

## Пресметка на помошните тела ангажирани за време на изборниот процес

| | | Временски ангажман | | | Работни компетенции | | Работна успешност | | Висина на надомест | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | време | 12,500 мкд x 1 м. | Износ | 25,000 мкд | Износ | 20% x (e10 + g10) | Износ | по формула | по ДИК | конечно |
| | **асистенти** | | | | | | | | | | |
| 1 | Елена Тошковска | 68 | 395 | 26.860 | | 25.000 | | 10.372 | 62.232 | 60.000 | ***62.232*** |
| 2 | Маја Катранушоска | 38 | 395 | 15.010 | | 20.000 | | 6.302 | 41.312 | 40.000 | ***41.312*** |
| 3 | Хавуше Љесковица Исмаили | 52 | 395 | 20.540 | | 25.000 | | 9.108 | 54.648 | 60.000 | ***54.648*** |
| 4 | Даница Зечевиќ Мицевски | 67 | 395 | 26.465 | | 25.000 | | 10.293 | 61.758 | 60.000 | ***61.758*** |
| 5 | Ирина Најдовска | 66 | 395 | 26.070 | | 20.000 | | 8.293 | 54.363 | 60.000 | ***54.363*** |
| 6 | Милка Карапанчева | 65 | 395 | 25.675 | | 25.000 | | 10.135 | 60.810 | 60.000 | ***60.810*** |
| 7 | Анета Јорданова | 73 | 395 | 28.835 | | 25.000 | | 10.767 | 64.602 | 60.000 | ***64.602*** |
| 8 | Ветон Јонузи | 37 | 395 | 14.615 | | 12.500 | | 2.712 | 29.827 | 30.000 | ***29.827*** |
| 9 | Сани Саиди | 50 | 395 | 19.750 | | 12.500 | | 3.225 | 35.475 | 30.000 | ***35.475*** |
| 10 | Александар Ристески | 73 | 395 | 28.835 | | 25.000 | | 10.767 | 64.602 | 60.000 | ***64.602*** |
| | **возач** | | | | | | | | | | |
| 11 | Мишко Велкоски | 69 | 395 | 27.255 | | 20.000 | | 9.451 | 56.706 | 40.000 | ***56.706*** |
| 12 | Ферат Мемети | 66 | 395 | 26.070 | | 20.000 | | 9.214 | 55.284 | 60.000 | ***55.284*** |
| | **техничко – методолошка обработка на ИС** | | | | | | | | | | |
| 13 | Фидан Јусуфи | 50 | 395 | 19.750 | | 25.000 | | 8.950 | 53.700 | 50.000 | ***53.700*** |
| 14 | Кристина Анѓелеска | 54 | 395 | 21.330 | | 15.000 | | 6.539 | 42.869 | 40.000 | ***42.869*** |
| 15 | Арбен Зенуни | 55 | 395 | 21.725 | | 25.000 | | 9.345 | 56.070 | 50.000 | ***56.070*** |
| 16 | Ардита Сулимани | 47 | 395 | 18.565 | | 15.000 | | 3.357 | 36.922 | 30.000 | ***36.922*** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **за правни работи во правната служба на ДИК** | | | | | | | | |
| 17 | Неда Гацова | 46 | 395 | 18.170 | 25.000 | 8.634 | 51.804 | 55.000 | ***51.804*** |
| 18 | Бобан Стојановски | 60 | 395 | 23.700 | 25.000 | 9.740 | 58.440 | 55.000 | ***58.440*** |
| 19 | Ангелчо Ристов | 66 | 395 | 26.070 | 25.000 | 10.214 | 61.284 | 60.000 | ***61.284*** |
| | **техничко – методолошка обработка на пријавите и барањата од граѓаните и пријави за гласање во ДКП** | | | | | | | | |
| 20 | Харбин Исмаиловски | 55 | 395 | 21.725 | 15.000 | 6.611 | 43.336 | 40.000 | ***43.336*** |
| 21 | Катерина Матиќ | 62 | 395 | 24.490 | 15.000 | 7.108 | 46.598 | 40.000 | ***46.598*** |
| 22 | Антонија Гугинска | 62 | 395 | 24.490 | 15.000 | 7.108 | 46.598 | 40.000 | ***46.598*** |
| 23 | Дритон Зенки | 43 | 395 | 16.985 | 20.000 | 6.657 | 43.642 | 40.000 | ***37.742*** |
| | **за јавни набавки** | | | | | | | | |
| 24 | Томислав Боцески | 65 | 395 | 25.675 | 25.000 | 9.122 | 59.797 | 50.000 | ***59.797*** |
| 25 | Билјана Аљокова Коруноска | 63 | 395 | 24.885 | 20.000 | 8.079 | 52.964 | 50.000 | ***52.964*** |
| 26 | Виктор Митевски | 65 | 395 | 25.675 | 20.000 | 8.222 | 53.897 | 50.000 | ***53.897*** |
| 27 | Мерсиха Вукељ | 65 | 395 | 25.675 | 25.000 | 9.122 | 59.797 | 50.000 | ***59.797*** |
| | **од МНР за логистичка подршка, обработка на пријави и барања и обезбедување визи и други работи за лицата членови во избирачките одбори во ДКП** | | | | | | | | |
| 28 | Васко Грков | 20 | 395 | 7.900 | 25.000 | 6.580 | 39.480 | 40.000 | ***39.480*** |
| 29 | Славица Митровска | 30 | 395 | 11.850 | 25.000 | 7.370 | 44.220 | 40.000 | ***44.220*** |
| 30 | Есад Велију | 20 | 395 | 7.900 | 25.000 | 6.580 | 39.480 | 40.000 | ***39.480*** |
| 31 | Реџеп Лимани | 20 | 395 | 7.900 | 25.000 | 6.580 | 39.480 | 40.000 | ***39.480*** |
| 32 | Фросина Костова | 30 | 395 | 11.850 | 25.000 | 7.370 | 44.220 | 40.000 | ***44.220*** |
| | **во сектор за Информатичка технологија на ДИК** | | | | | | | | |
| 33 | Димитар Манчев | 70 | 395 | 27.650 | 25.000 | 10.530 | 63.180 | 55.000 | ***63.180*** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Никола Трајковски | 75 | 395 | 29.625 | 25.000 | 10.925 | 65.550 | 55.000 | ***65.550*** |
| 35 | Василе Неделковски | 75 | 395 | 29.625 | 25.000 | 10.925 | 65.550 | 55.000 | ***65.550*** |
| 36 | Џабир Иљази | 75 | 395 | 29.625 | 25.000 | 10.925 | 65.550 | 55.000 | ***65.550*** |

**за поблikување на содржини и одржување на интернет страната на ДИК**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 37 | Албан Синани | 73 | 395 | 28.835 | 25.000 | 10.767 | 64.602 | 50.000 | ***64.602*** |
| 38 | Карина Доневска | 64 | 395 | 25.280 | 25.000 | 10.056 | 60.336 | 50.000 | ***60.336*** |

**за прием и обработка на барања за акредитации, ценовници од електронски и печатени медиуми и изготвување на регистер на интернет портали**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | Филип Оџаклиевски | 60 | 395 | 23.700 | 20.000 | 7.866 | 51.566 | 50.000 | ***51.566*** |
| 40 | Љупчо Мирчевски | 60 | 395 | 23.700 | 20.000 | 8.740 | 52.440 | 55.000 | ***52.440*** |
| 41 | Билал Сулејмани | 55 | 395 | 21.725 | 20.000 | 7.511 | 49.236 | 50.000 | ***49.236*** |
| 42 | Славица Новеска | 57 | 395 | 22.515 | 20.000 | 7.653 | 50.168 | 50.000 | ***50.168*** |

**за седници за изготвување на записници и за евиденција на донесени подзаконски акти и упатства од ДИК**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 43 | Марија Петровска | 76 | 395 | 30.020 | 20.000 | 10.004 | 60.024 | 60.000 | ***60.024*** |
| 44 | Емилија Петровска | 76 | 395 | 30.020 | 20.000 | 10.004 | 60.024 | 60.000 | ***60.024*** |
| 45 | Илмије Јашари | 38 | 395 | 15.010 | 15.000 | 6.002 | 36.012 | 35.000 | ***36.012*** |

**за обработка на медија планови од медиуми и вршење на работи на помош и поддршка при исплати на медиуми**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 46 | Светлана Карапетрова | 75 | 395 | 29.625 | 25.000 | 10.925 | 65.550 | 50.000 | ***65.550*** |
| 47 | Ѓорѓи Коџобашиев | 75 | 395 | 29.625 | 25.000 | 9.833 | 64.458 | 50.000 | ***64.458*** |
| 48 | Башким Јахија | 63 | 395 | 24.885 | 15.000 | 5.983 | 45.868 | 40.000 | ***45.868*** |
| 49 | Синиша Мицески | 56 | 395 | 22.120 | 15.000 | 5.568 | 42.688 | 35.000 | ***42.688*** |

**преведувач од албански на македонски јазик и обратно**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50 | Рудина Батку | 73 | 395 | 28.835 | 15.000 | 6.575 | 50.410 | 55.000 | ***50.410*** |
| 51 | Семир Пајазити | 73 | 395 | 28.835 | 15.000 | 6.575 | 50.410 | 55.000 | ***50.410*** |
| 52 | Нури Азизи | 65 | 395 | 25.675 | 10.000 | 1.784 | 37.459 | 30.000 | ***37.459*** |
| | **за ПО на ДИК во општините Крива Паланка, Делчево и Куманово** | | | | | | | | |
| 53 | Предраг Стојановски | 50 | 395 | 19.750 | 15.000 | 3.475 | 38.225 | 30.000 | ***38.225*** |
| 54 | Момчило Димковски | 40 | 395 | 15.800 | 10.000 | 2.580 | 28.380 | 25.000 | ***28.380*** |
| 55 | Димче Лазаревски | 50 | 395 | 19.750 | 15.000 | 3.475 | 38.225 | 30.000 | ***38.225*** |
| | **за ПО на ДИК во општина Битола** | | | | | | | | |
| 56 | Владо Стојанов | 40 | 395 | 15.800 | 12.500 | 4.245 | 32.545 | 35.000 | ***32.545*** |
| 57 | Стефан Чекутков | 40 | 395 | 15.800 | 12.500 | 4.245 | 32.545 | 35.000 | ***32.545*** |
| | **курир / доставувач** | | | | | | | | |
| 58 | Филип Петров | 70 | 395 | 27.650 | 15.000 | 4.265 | 46.915 | 40.000 | ***46.915*** |
| | **за интерно магацинско работење и следење на реализација на јавни набавки** | | | | | | | | |
| 59 | Иван Ивановиќ | 50 | 395 | 19.750 | 10.000 | 2.975 | 32.725 | 30.000 | ***32.725*** |
| | **Архивар – обработувач на документарен материјал** | | | | | | | | |
| 60 | Марија Михајловска | 70 | 395 | 27.650 | 20.000 | 7.148 | 54.798 | 55.000 | ***54.798*** |
| | **евиденција и водење на посебни УПП уписници** | | | | | | | | |
| 61 | Сухад Ејупи | 42 | 395 | 16.590 | 10.000 | 2.659 | 29.249 | 30.000 | ***29.249*** |
| | **оператори за работа во Кол центарот на ДИК, за внес на обрасци бр. 16 и следење на печатени и електронски портали** | | | | | | | | |
| 62 | Мартин Тасевски | 34 | 395 | 13.430 | 10.000 | 2.343 | 25.773 | 30.000 | ***25.773*** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 63 | Борче Атанасовски | 31 | 395 | 12.245 | 10.000 | 2.225 | 24.470 | 30.000 | ***24.470*** |
| 64 | Дарко Путески | 53 | 395 | 20.935 | 20.000 | 4.094 | 45.029 | 40.000 | ***45.029*** |
| 65 | Бусерја Идризи | 33 | 395 | 13.035 | 7.000 | 2.004 | 22.039 | 20.000 | ***22.039*** |
| 66 | Ана Марија Павиќ | 36 | 395 | 14.220 | 10.000 | 2.422 | 26.642 | 30.000 | ***26.642*** |
| 67 | Луан Мурати | 33 | 395 | 13.035 | 0 | 0 | 13.035 | 10.000 | ***13.035*** |
| 68 | Азерaљи Билали | 22 | 395 | 8.690 | 10.000 | 1.869 | 20.559 | 20.000 | ***20.559*** |
| 69 | Абдуљхаќим Шабани | 20 | 395 | 7.900 | 10.000 | 1.790 | 19.690 | 20.000 | ***19.690*** |
| 70 | Рамије Даути | 27 | 395 | 10.665 | 10.000 | 2.067 | 22.732 | 30.000 | ***22.732*** |
| 71 | Мељеке Аљиљи | 11 | 395 | 4.345 | 10.000 | 1.435 | 15.780 | 20.000 | ***15.780*** |
| 72 | Силвана Антевска | 9 | 395 | 3.555 | 10.000 | 1.356 | 14.911 | 15.000 | ***14.911*** |
| 73 | Јонуз Фејзула | 7 | 395 | 2.765 | 10.000 | 1.277 | 14.042 | 15.000 | ***14.042*** |
| | **за логистика и поддршка на едукацијата на изборните органи** | | | | | | | | |
| 74 | Горан Костов | 76 | 395 | 30.020 | 20.000 | 7.503 | 57.523 | 50.000 | ***57.523*** |
| 75 | Љуан Рамадани | 39 | 395 | 15.405 | 10.000 | 1.270 | 26.675 | 30.000 | ***26.675*** |
| | | | | | | | **3.399.798** | **3.185.000** | **3.393.905** |

| | вк. денови | раб. ден. | саботи | недели |
|---|---|---|---|---|
| февруари | 21 | 15 | 3 | 3 |
| март | 31 | 21 | 5 | 5 |
| април | 30 | 22 | 4 | 4 |
| мај | 13 | 9 | 2 | 2 |
| | 95 | 67 | 37500 | |
| | 395 | | | |

## Сумарен приказ на надоместок за помошните тела

**Висина на надомест**

| Р бр | Име и презиме | Висина на надомест |
|---|---|---|
| 1 | Елена Тошковска | ***62.232*** |
| 2 | Маја Катранушоска | ***41.312*** |
| 3 | Хавуше Љесковица Исмаили | ***54.648*** |
| 4 | Даница Зечевиќ Мицевски | ***61.758*** |
| 5 | Ирина Најдовска | ***54.363*** |
| 6 | Милка Карапанчева | ***60.810*** |
| 7 | Анета Јорданова | ***64.602*** |
| 8 | Ветон Јонузи | ***29.827*** |
| 9 | Сани Саиди | ***35.475*** |
| 10 | Александар Ристески | ***64.602*** |
| 11 | Мишко Велкоски | ***56.706*** |
| 12 | Ферат Мемети | ***55.284*** |
| 13 | Фидан Јусуфи | ***53.700*** |
| 14 | Кристина Анѓелеска | ***42.869*** |
| 15 | Арбен Зенуни | ***56.070*** |
| 16 | Ардита Сулимани | ***36.922*** |
| 17 | Неда Гацова | ***51.804*** |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Бобан Стојановски | ***58.440*** |
| 19 | Ангелчо Ристов | ***61.284*** |
| 20 | Харбин Исмаиловски | ***43.336*** |
| 21 | Катерина Матиќ | ***46.598*** |
| 22 | Антонија Гугинска | ***46.598*** |
| 23 | Дритон Зенки | ***37.742*** |
| 24 | Томислав Боцески | ***59.797*** |
| 25 | Билјана Аљокова Коруноска | ***52.964*** |
| 26 | Виктор Митевски | ***53.897*** |
| 27 | Мерсиха Вукељ | ***59.797*** |
| 28 | Васко Грков | ***39.480*** |
| 29 | Славица Митровска | ***44.220*** |
| 30 | Есад Велију | ***39.480*** |
| 31 | Рецеп Лимани | ***39.480*** |
| 32 | Фросина Костова | ***44.220*** |
| 33 | Димитар Манчев | ***63.180*** |
| 34 | Никола Трајковски | ***65.550*** |
| 35 | Василе Неделковски | ***65.550*** |
| 36 | Џабир Иљази | ***65.550*** |
| 37 | Албан Синани | ***64.602*** |
| 38 | Карина Доневска | ***60.336*** |

| | | |
|---|---|---|
| 39 | Филип Оџаклиевски | ***51.566*** |
| 40 | Љупчо Мирчевски | ***52.440*** |
| 41 | Билал Сулејмани | ***49.236*** |
| 42 | Славица Новеска | ***50.168*** |
| 43 | Марија Петровска | ***60.024*** |
| 44 | Емилија Петровска | ***60.024*** |
| 45 | Илмије Јашари | ***36.012*** |
| 46 | Светлана Карапетрова | ***65.550*** |
| 47 | Ѓорѓи Коџобашиев | ***64.458*** |
| 48 | Башким Јахија | ***45.868*** |
| 49 | Синиша Мицески | ***42.688*** |
| 50 | Рудина Батку | ***50.410*** |
| 51 | Семир Пајазити | ***50.410*** |
| 52 | Нури Азизи | ***37.459*** |
| 53 | Предраг Стојановски | ***38.225*** |
| 54 | Момчило Димковски | ***28.380*** |
| 55 | Димче Лазаревски | ***38.225*** |
| 56 | Владо Стојанов | ***32.545*** |
| 57 | Стефан Чекутков | ***32.545*** |
| 58 | Филип Петров | ***46.915*** |
| 59 | Иван Ивановиќ | ***32.725*** |
| 60 | Марија Михајловска | ***54.798*** |
| 61 | Сухад Ејупи | ***29.249*** |

| | | |
|---|---|---|
| 62 | Мартин Тасевски | ***25.773*** |
| 63 | Борче Атанасовски | ***24.470*** |
| 64 | Дарко Путески | ***45.029*** |
| 65 | Бусерја Идризи | ***22.039*** |
| 66 | Ана Марија Павиќ | ***26.642*** |
| 67 | Луан Мурати | ***13.035*** |
| 68 | Азераљи Билали | ***20.559*** |
| 69 | Абдуљхаќим Шабани | ***19.690*** |
| 70 | Рамије Даути | ***22.732*** |
| 71 | Мељеке Аљиљи | ***15.780*** |
| 72 | Силвана Антевска | ***14.911*** |
| 73 | Јонуз Фејзула | ***14.042*** |
| 74 | Горан Костов | ***57.523*** |
| 75 | Љуан Рамадани | ***26.675*** |
| 76 | Елма Алторок | ***14.000*** |
| 77 | Мелехат Муфтаровска | ***14.000*** |
| 78 | Муарем Меџити | ***14.000*** |
| 79 | Драган Митревски | ***14.000*** |
| 80 | Јован Поповски | ***14.000*** |
| 81 | Славка Јовановска | ***14.000*** |
| 82 | Магдалена Матеска | ***14.000*** |
| 83 | Њомза Исмаили | ***14.000*** |
| 84 | Анче Марковска | ***14.000*** |
| 85 | Слободан Узунов | ***14.000*** |
| 86 | Умит Касум | ***14.000*** |
| 87 | Маригона Марку | ***14.000*** |

| | | |
|---|---|---|
| 88 | Зоран Стојчевски | ***14.000*** |
| 89 | Драган Јордановски | ***14.000*** |
| 90 | Башким Мисими | ***14.000*** |
| 91 | Зуко Ризвански | ***14.000*** |
| 92 | Грета Станоевска | ***14.000*** |
| 93 | Антоанета Р. Крчевинац | ***14.000*** |
| 94 | Фиторе Ибрахими | ***14.000*** |
| 95 | Катерина Михајлова | ***14.000*** |
| 96 | Бојана Јованоска | ***14.000*** |
| 97 | Тина Џеповска | ***14.000*** |
| 98 | Сејфулах Шаќири | ***14.000*** |
| 99 | Нехат Емини | ***14.000*** |
| 100 | Лејлан Абдула | ***14.000*** |
| 101 | Саво Сибиновски | ***14.000*** |
| 102 | Марица Ристевска | ***14.000*** |
| 103 | Зорица Ташковска | ***14.000*** |
| 104 | Сухана Ќерими Балиу | ***14.000*** |
| 105 | Дритон Дема | ***14.000*** |
| 106 | Елионора Станковиќ | ***14.000*** |
| 107 | Тони Илиевски | ***14.000*** |
| 108 | Ристе Велковски | ***14.000*** |
| 109 | Александар Панев | ***14.000*** |
| 110 | Стојанче Китаноски | ***14.000*** |
| 111 | Александар Аврамовски | ***14.000*** |
| 112 | Атина Ничоска | ***14.000*** |
| 113 | Ана Деребан Блажеска | ***14.000*** |

| | | |
|---|---|---|
| 114 | Михајло Жеваировски | ***14.000*** |
| 115 | Арта Бојко | ***14.000*** |
| 116 | Мухамед Ракипи | ***14.000*** |
| 117 | Кристина К.Гаврилова | ***14.000*** |
| 118 | Бетим Фејзулаи | ***14.000*** |
| 119 | Гоце Пејовски | ***14.000*** |
| 120 | Сашо Аврамовски | ***14.000*** |
| 121 | Јовица Палашевски | ***14.000*** |
| 122 | Алија Алијевски | ***14.000*** |
| 123 | Јакуп Реџепи | ***14.000*** |
| 124 | Кирчо Петков | ***14.000*** |
| | | |
| | **ВКУПНО** | ***4.079.905*** |

### 4.3.6. Доделување на јавни набавки за изборни активности согласно Законот за јавни набавки кој се применувал до 31.03.2019 година

Ревизорскиот тим кој ја изврши ревизијата во ДИК, правилно утврдил и констатирал дека известувањето за случен договор за 7 спроведени постапки за јавни набавки е доставено во ЕСЈН со задоцнување од 11 до 47 дена.

Ова е состојба која е предизвикана од недостаток на вработени лица во стручната служба. За спроведување на изборниот процес, ДИК ангажираше административни службеници од други институции (истите беа дел од помошните тела на Комисијата), за да може да одговори на своите обврски. Известувањата за склучените договори се објавуваа на ЕСЈН но со задоцнување. Иако ревизорскиот тим констатирал дека на овој начин се влијае на намалена транспарентност и јавност при реализација на јавните набавки, истото не е од пресудно влијание за законитоста и конкурентноста во секоја од овие постапки.

Наод:

- во 2 (два) склучени договори во вкупен износ од 33.500 илјади денари и тоа за набавка на транспорт и сместување на членови на ИО во ДКП за изборите 2019 година и за транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материал за изборите 2019 и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно, утврдивме дека одредени одредби, динамиката и начинот на исполнување на договорот, начинот, условите и роковите за плаќање, не се однесуваат за предметот на склучените договори, што не е во согласност со одредбите на член 165 од ЗЈН.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:

Наодот на ревизорскиот тим се однесува на текстот на договорите кои се преземени од интернет страницата на БЈН, каде истите се објавени како примери за договори. Ангажираните лица од помошните тела на ДИК не обратиле целосно внимание на предложените текстови на терковите од договорите. Но во прилог на секој договор се наоѓаат конечните финансиски понуди кои се однесуваат на конкретните набавки и извештаи од спроведените е-аукции. Понатаму, во договорите, во насловот и описот на предметот на набавката, се содржани битните елементи од конкретната набавка, како што се услуги или стоки, опис на услугите/стоките кои се набавуваат и цената. Членот 165 став 1 од ЗЈН, на кој се повикува ревизорскиот тим наведува дека „Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рокот на важност на понудата". Токму овие елементи се запазени во конкретните договори. ДИК се согласува со мислењето дека во иднина секој договор треба да се прилагоди на конкретната набавка а не да се користат терковите од БЈН без притоа да се усогласат останатите одредби од договорите.

Наод:

Во март 2019 година спроведена е постапка за изработка и печатење на доверлив изботен материјал и избирачки список за изборите 2019 година, склучен е договор по кој се преземени обврски во вкупен износ од 27.600 илјади денари. Со извршениот увид во спроведената постапка ги утврдивме следниве состојби:

- постапката за јавна набавка е спроведена по пат на преговарање без објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 од ЗЈН.

- склучен е анекс кон основниот договор во вкупна вредност од 727 илјади денари, без да се спроведе постапка за преговарање без објавување на оглас што не е во согласност со член 198 од ЗЈН. Исто така, утврдивме дека предметот на набавка во анексот е предвиден само во случај на евентуално прегласување. Во спроведувањето на изборите во 2019 година немаше втор круг на гласање.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:

Членот 99 став (1) точка 1) алинеја 3 од ЗЈН предвидува дека договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување на оглас „од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас."

Иако се работи за редовен изборен циклус, моментот на распишување на изборите е непознаница за ДИК. Понатаму, непознат е бројот на гласачите и бројот на кандидатите во гласачкото ливче. Сите овие елементи се потребни за дефинирање на конечниот изглед на гласачкото ливче, бројот на гласачки ливчиња кој треба да се отпечати, бројот на изводи од избирачкиот список кој треба да се отпечатат, бројот на записници и другиот доверлив и недоверлив изборен материјал. Сите овие елементи влијаат да ДИК неможе да спроведе набавка преку отворена постапка, имајќи ја предвид вредноста на набавката. Истакнуваме дека во 2020 година, ДИК спроведе отворена постапка за јавна набавка за изработка и печатење на доверлив изборен материал и избирачки список за предвремените парламентарни избори 2020 година, но постапката беше поништена, па поради кратките рокови се спроведе нова постапка со преговарање.

Изборот на Претседател на Републиката се спроведува согласно мнозинскиот изборен модел, во два круга. На претседателските избори одржани 2019 година се организираше гласање во првиот изборен круг на 21 април 2019 година а гласањето во вториот изборен круг се одржа на 5-ти мај 2019 година.

По однос на склучениот Анекс истакнуваме дека членот 198 од ЗЈН, на кој се повикува ревизорскиот тим е неприменлив во конкретниот случај. Членот 198 се однесува на доделување на секторски договори што овде не е случај. Анексот кој е склучен е склучен согласно член 99 став (1) точка 4) алинеја 1 и став (2) на истиот член од ЗЈН.

Наод:

Со извршениот увид во тендерската документација како и реализацијата на склучениот Договор за транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за изборите 2019 и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно и Анекс кон Договорот со вкупна вредност од 12.892 илјади денари, ги утврдивме следниве состојби:

- склучен е анекс кон основниот договор со вредност од 2.892 илјади денари, без да се спроведе постапка за преговарање без објавување на оглас што не е во согласност со член 198 од ЗЈН.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:

По однос на склучениот Анекс истакнуваме дека членот 198 од ЗЈН, на кој се повикува ревизорскиот тим е неприменлив во конкретниот случај. Членот 198 се однесува на доделување на секторски договори што овде не е случај. Анексот кој е склучен е склучен согласно член 99 став (1) точка 4) алинеја 1 и став (2) на истиот член од ЗЈН.

Наод:

Спроведена е постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас за транспорт и сместување на членови на ИО во ДКП за изборите 2019 година и склучен е договор со економски оператор во висина од 23.500 илјади денари како и анекс од 4.620 илјади денари. Утврдивме дека во прилог на фактурата се содржани Спецификација за членови на ИО - прв круг и Спецификација за членови на ИО - втор круг, опишани во табеларен преглед по градови каде се врши гласањето, име и презиме на членовите на ИК, како и цената на авиобилет и хотелското сместување. Наведената спецификација не е потпишана од одговорното лице и не содржи поткрепувачка документација (резервации/фактури за престој од хотелите во странство, патничко осигурување, копнен превоз од Скопје до ДКП во странство и копнен превоз од ДИК до аеродром Скопје и обратно) која може да послужи како основ за потврдување на извршените услуги. Анексот кон основниот договор е склучен без да се спроведе постапка за преговарање без објавување на оглас што не е во согласност со член 198 од ЗЈН.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:

Членот 99 став (1) точка 1) алинеја 3 од ЗЈН предвидува дека договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување на оглас *„од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас.*“

Иако се работи за редовен изборен циклус, во моментот на распишувањето на изборите бројот на гласачите кои ќе гласаат во ДКП на РСМ во странство е непознат. За овој вид на гласање се спроведува активна регистрација, т.е. гласачите се пријавуваат сами за да гласаат во ДКП. Согласно членот 165 став (3) од Изборниот законик *„Избирачко место не може да се определува за населено место во кое живеат помалку од десет избирачи и во ДКП односно конзуларните канцеларии каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање.*“ Бидејќи дури 35 дена по распишувањето на изборите, ДИК може да знае дали и во колку ДКП на РСМ во странство ќе се одржи гласање, ДИК неможе да спроведе набавка преку отворена постапка, имејќи предвид вредноста на набавката и нејзиното времетраење.

По однос на склучениот Анекс истакнуваме дека членот 198 од ЗЈН, на кој се повикува ревизорскиот тим е неприменлив во конкретниот случај. Членот 198 се однесува на доделување на секторски договори што овде не е случај. Анексот кој е склучен е склучен согласно член 99 став (1) точка 4) алинеја 1 и став (2) на истиот член од ЗЈН.

**7. Останати прашања**

Ревизорскиот тим кој ја изврши ревизијата во ДИК, правилно утврдил и констатирал дека постои неусогласеност помеѓу Изборниот законик и законските и подзаконските акти кои ја уредуваат областа на даноци.

Наод:
Во потточката 7.1. Ревизорскиот тим констатира дека „при увид во законските и подзаконските акти кои ја уредуваат областа на даноци утврдено е постоење на неусогласеност помеѓу истите и одредбите од Изборниот законик. Имено, во член 11 од Изборниот законик е наведено ... „За дејствијата актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите, во изборната постапка, услугата, печатењето на гласачките ливчиња и набавка и увоз на изборен материјал не се плаќа царина и данок. Сите дејствија и акти на државните органи, сите поднесоци и докази во врска со евиденцијата на избирачкото право се ослободени од плаќање на такси и даноци. Министерството за финансии го пропишува постапувањето при оданочување со данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите, како и царинарење “.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:

Ревизорскиот тим ја цитира старата одредба од членот 11 на Изборниот законик. Имено, во Законикот кој е во сила во 2019 година, во членот 11 е наведено ... *„ За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите, набавката на стоки, работи и услуги за потребите на изборниот процес, не се плаќа царина и данок. Сите дејствија и акти на државните органи, сите поднесоци и докази во врска со евиденцијата на избирачкото право се ослободени од плаќање на такси и данок. Министерот за финансии го пропишува постапувањето при оданочување со данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите како и нивно царинење.“*
При споредбата на двете одредби, очигледно е дека Ревизорскиот тим ненамерно направил превид и не ја цитирал вистинската одредба од ставот 1 на членот 11 од ИЗ, односно не ја имал предвид измената која се однесува на *набавката на стоки, работи и услуги за потребите на изборниот процес,* што претставува целосно ослободување од плаќањето на царина и данок за сите набавки на стоки, работи и услуги за изборниот процес а не само „ ... *услугата, печатењето на гласачките ливчиња и набавка и увоз на изборен материјал ...*“.

Наод:
Ревизијата истакнува дека со постојниот Закон за додадена вредност не е регулирано даночно одлободување за ДДВ во врска со спроведување на изборите, ниту Министерот за финанасии има донесено подзаконски акт за начинот на постапување при оданочувањесо данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на избори.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:
Изборниот законик е lex specialis, изборите се организираат и спроведуваат согласно одредбите на ИЗ. При тоа, не само ДИК и изборната администрација, туку и сите институции во РСМ се должни да постапуваат и да ги имплементираат во својата работа одредбите од ИЗ, вклучително и одредбите од членот 11. Во досегашната пракса и УЈП, МФ и Царинската управа, во целост постапуваат согласно одредбите од член 11 од ИЗ. ДИК се соглсува дека во конкртетната ситуација се работи за системаска слабост (неусогласеност помеѓу законите). При тоа ДИК ја поддржува дадената препорака, но истовремено инсистира на строго почитување на одредбите од ИЗ, односно при усогласувањето на законите да се има предвид олеснувањата кои се однесуваат не само на ДДВ туку и на царинските давачки и не само на услугата, печатењето на гласачките ливчиња и набавка и увоз на изборен материјал туку на набавката на стоки, работи и услуги за потребите на изборниот процес. На овој начин

би се избегнале сите евентуални недоразбирања во иднина при постапувањето на надлежните институции во РСМ.

*** Од извршениот увид во начинот на пресметката и исплата на плати на вработените државни службеници во ДИК, констатиравме дека:

- износот за минат труд се пресметува на вредноста на додатоците на плата кои се однесуваат на прекуврмена работа, што не е во согласност со член 87 став 4 од истиот закон, каде е предвидено дека делот за плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5 % од делот на платата за степен на обрзаованието и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20% и
- на бодовите за степен на кариера, утврдени со член 111 од Законот на административни службеници како дополнителни бодови во делот на плата за ниво на кое е распореден вработениот, не се пресметува минат труд како што предвидува член 87 став 4 од истиот закон, што има за ефект пресметка на помал износ на плата кон административните алужбеници кои оствариле право на кариера.

Од причина што бројот на прекувремените работни часови е променлив на месечни ниво, како и промена на процентот на минат труд по вработен во текот на годината, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на износот на повеќе, односно помалку пресметани и исплатени плати.

По однос на овој наод го даваме следното образложение:

- во делот на пресметката и исплатата на платите на вработените да се изврши усогласување на пресметката и исплата на плата, во делот на плата за работниот стаж да биде пресметан на основната плата, односно на деловите на плата за степен на образование, кариера и ниво, за истото ја известивме фирмата “Семос” која е одговорна за одржување на апликативниот софтвер за деловно работење, да изврши измена во истото.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**

**DITMIRE SHEHU**

Одговор
**на Забелешките на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Државна изборна комисија**

На ден 23.06.2021 година, добиени се забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Државна изборна комисија за 2019 година, од Дитмире Шеху, потпретседател на Државна изборна комисија, број 03-958/2 од 23.06.2021 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-70/7 од 23.06.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. За забелешките на утврдената состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на обврската за чување, примање и предавање на изборниот материјал во секој изборен процес, истакнуваме:
   - забелешката која се однесува на состојбата во врска со сигурноста и заштитата на недоверливиот изборен материјал **не се прифаќа** бидејќи во доставените Барања и ургенции до надлежните органи (Владата на РСМ, СОЗР и МИОА) ДИК ги има наведено причините (чести поплави) поради кои е неопходно обезбедување на соодветен магацински простор. Во доставените забелешки наведени се причини кои се поврзани со членството на РСМ во НАТО, кои состојби не се однесуваат за периодот во кој е дислоциран наведениот магацински простор;
   - забелешката која се однесува на неизготвувањето на записник за примопредавање на недоверливиот изборен материјал од еден во друг магацин, **претставува известување** за причините поради кои наведениот записник не е изготвен. Имено, истакнуваме дека согласно Решението за назначување на одговорно лице и заменик на одговорното лице на магацинот во ДИК број 02-352/1 од 12.02.2019 година, лицата се должни да извршат попис и да изготват и потпишат записник за примо-предавање;.
   - забелешката која се однесува констатацијата дека не е извршен попис на целокупниот материјал кој е сместен во магацинскиот простор во кругот на поранешната фабрика Мирка Гинова, **не се прифаќа**, поради тоа што наведениот Извештај од извршен попис број 03-216/1 од 29.01.2019 година, не е доставен ниту во текот на извршување на ревизијата ниту со доставување на забелешките од Нацрт извештајот;

- забелешката која се однесува на утврдената состојба за начинот на обезбедувањето, ракувањето и располагањето со доверливиот изборен материјал **претставува известување** за причините за констатираната состојба и
- забелешката за отсуство на акт со кој би се регулирал начинот на обезбедувањето, ракувањето и располагање со целокупниот изборен материјал како и образложението дека наведената состојба е објаснета во прирачникот за едукација и едукативните семинари на ОИК и ОИ, **не се прифаќа**. Имено, ревизијата не ги оспорува преземените активности на едукација на членовите на ОИК и ОИ од страна на ДИК опфатени со наведениот Прирачник. но истиот не содржи одредби поврзани со регулирање на начинот на обезбедување, ракување и располагање со целокупниот изборен материјал за сите изборните процеси.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2.**, која се однесува на Систематизацијата на стручната служба на ДИК во однос на организацијата на внатрешната ревизија во ДИК **преставува известување** за активностите кои се преземени и ќе се преземат во иднина, а со кои треба да се надминат констатираните состојби.

3. Забелешката на утврдената состојба во **точката 4.3.1.**, која се однесува на тоа дека од вкупно осумдесет (80) ОИК, до ДИК не се доставени извештаи за работа од страна на дваесет и пет (25) ОИК, **не се прифаќа**, поради тоа што ниту со доставување на забелешките од Нацрт извештајот ниту во текот на извршување на ревизијата, истите не се доставени. Забелешката на состојбата која се однесува на отсуството на дел од потребните податоци во извештаите од ОИК **не се прифаќа**, поради тоа што се образложени констатираните состојби кои ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.4.**, која се однесува на начинот на утврдување на надоместокот на изборната администрација преставува **не се прифаќа**, поради тоа што за утврдувањето на работната успешност доставени се пресметки кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата и во кои не се утврдени поединечни критериуми кои би претставувале основа за пресметка за надоместокот.

5. За забелешките на констатираните состојби во **точката 4.3.6.**, кои се однесуваат на доделување на јавни набавки за изборни активности согласно Законот за Јавните набавки кој се применувал до 31.03.2019 година, го констатиравме следното:

- забелешката која се однесува на задоцнето доставување на склучените договори за јавни набавки до ЕСЈН **претставува известување** за причините за констатираните состојби, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата;
- забелешката која се однесува на текстот на договорите (одредени одредби, динамиката и начинот на исполнување на договорот, начинот, условите и роковите за плаќање не се однесуваат за предметот на склучениот договор) **преставува известување** за причините за констатираните состојби, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата како и известување за планираните активностите во иднина;
- забелешката која се однесува на примената на членот 99 од ЗЈН во спроведувањето на постапката за јавна набавка како и даденото образложение за истата, **претставува известување** за причините за примена на наведената постапка за јавна набавка, кои ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата и
- забелешките кои се однесуваат на констатираните состојби во врска со примена на член 198 од Законот за јавните набавки, **се прифаќа** поради техничка грешка (член 99 од законот), кои ќе бидат соодветно изменети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 7.1** која се однесува на потребата од усогласување на даночните ослободувања предвидени во Изборниот законик со даночните ослободувања предвидени во Закон за данокот на додадена вредност **претставува образложение** и потврда на констатираната состојба од страна на овластениот државен ревизор.